МОСТ
Граѓанска Асоцијација
Ул. Стрезово бр. 7,
1000 Скопје,
Тел. 2/ 3099 384
most@most.org.mk
www.most.org.mk

***Соопштение за медиуми***
***16.07.2007, Скопје***

## ПРВА ДЕСТИНАЦИЈА ВИЕНА
## Студентите влегоа во Европа

Претставниците од најдобрите студенти во Македонија, во рамките на проектот Патуваме во Европа, пристигнаа на својата прва дестинација, Виена.

Своето патување го започнаа од Скопје, преку Белград, каде им се придружија и колегите од Србија и Црна Гора, и денеска пристигнаа во Виена. Ова е првата нивна европска дестинација, по што секој ќе ги продолжи своето патување.

"Ова е прво наше патување во некоја европска метропола и очекуваме многу забава и нови искуства"- видно возбудени, коментираа студентите. "Се надеваме дека промовирајќи ја нашата земја, преку брошурите кои ќе ги делиме, ќе бидеме вистински амбасадори на Македонија"- додаваа тие.

Гостин на студентите, денеска, ќе им биде Амбасадорот на Р Македонија во Виена, д-р Весна Борозан, која ќе ги поздрави и ќе им посака пријатен пат.

Студентите, кои беа одбрани на јавен конкурс, во наредниот месец ќе патуваат низ Европа и ќе се запознаваат со европските вредности, навики и култури и своите искуства ќе ги споделат со своите колеги и пријатели по враќањето во Македонија.

Од Граѓанската асоцијација МОСТ, реализатор на проектот, со помош на донаторите и спонзорите добија бесплатни Интер Реил билети за неограничено патување со воз, бесплатна шенген виза, осигурување ISIC и платежна картичка. За да може да бидат препознаени, облечени се во маички и капчиња со логото на проектот.

Патуваме во Европа 2007 е регионален проект, кој покрај во Македонија се реализира и во Србија, Црна Гора, Косово, Босна и Херцеговина и Албанија.

# # # # #

За дополнителни информации: Славица Биљарска, Граѓанска асоцијација МОСТ тел. 070/ 30 63 64.

Донатори: Robert Bosch Stiftung, BTD, Koninkrijk der Nederlanden, Deutsche Botschaft Skopje / Германска амбасада Скопје
Поддржано од:
Спонзори: ТАБАК осигурување, NLB Тутунска банка
Помагатели: On.net, Aurora, Тиетиекс, MagnaSken, ARTVERTISING
Медиумски покровители: Утрински, Antenna 5, ALSAT, Radio Vati 88.4